**20200140258**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 17 јануари 2020 година.

Бр. 08-463/1
17 јануари 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Во Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 275/19), во член 6 став (1) алинејата 3 се менува:

„- Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и“.

Член 2

Насловот пред членот 9 се менува и гласи:

„Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците“.

Член 3

Во членот 9 зборовите: „Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор (во натамошниот текст: Секретаријатот),“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците“.

Член 4

Во член 23 во ставот (2) по зборот: „министерствата“ запирката се заменува со сврзникот „и“, а зборовите: „и Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор“ се бришат.

Член 5

Во член 37 став (2) во алинејата 4 зборовите: „ Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците“.

Во ставот (5) зборовите: „Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците“.

Член 6

Во член 48 став (5) во алинејата 1 по зборот „оценување“ се додаваат зборовите: „на кое бил оценуван“.

Во алинејата 3 зборовите: „тековното работно место“ се заменуваат со зборовите: „истото ниво“.

Член 7

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 11/18), во членот 28 зборовите: „Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците“.

Член 8

(1) Помошно-стручните административни службеници кои до денот на влегувањето во сила на овој закон се стекнале со стручни квалификации за повисоко ниво на работно место, може до секретарот, односно раководното лице во институциите во кои не се назначува секретар од 1 септември 2020 година да поднесат барање за обезбедување вреднување на соодветниот степен на образование во основната компонента на плата - дел на плата за степен на образование.

(2) Секретарот, односно раководното лице во институциите во кои не се назначува секретар најдоцна четири години од денот на влегувањето во сила на овој закон е должен да ги обезбеди средствата за вреднување на соодветниот степен на образование во основната компонента на плата - дел на плата за степен на образование за административните службеници од ставот (1) на овој член.

Член 9

Административниот службеник кој е на работно место од категоријата на помошно - стручни административни службеници, а кој ги исполнува посебните услови од членот 25 став (2) од овој закон, на негово барање може да се распореди на работно место помлад соработник доколку тоа работно место е утврдено во актот за систематизација на работните места и не е пополнето.

Член 10

Одредбата од членот 9 од овој закон ќе започне да се применува од 1 јуни 2020 година.

Член 11

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за административни службеници.

Член 12

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".